Јавно претпријатие за комунални дејности
"БРЕГАЛНИЦА" п.о.
бр. 0103-55
20.02.2013 год.
ДЕЛЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ

## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево за 2012 година

**-Основни податоци**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Одлука бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година, донесена од Собрание на Општина Делчево.

Надлежниот суд во Штип на 29.01.2002 година донесе Решение бр.Птрег. 67/2 со кое врши запишување во трговскиот регистар под наслов ЈПКД"Брегалница"-Делчево.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

**-Дејност**

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-Одведување на отпадни води(канализација);

-Одстранување на комунален и индустриски отпад;

-Одржување на јавна чистота;

-Уредување и одржување на паркови и зеленило;

-Управување со градски гробишта и погребални услуги;

-Одржување на градски пазар, под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.

**-Организациона поставеност**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

-Одделение за Општи, правни и финансиски работи;

-Група за Водовод, канализација, дистрибуција и одржување на водоводната и канализационата мрежа;

-Група за Комунална хигиена, одржување на Градска депонија и механизација;

-Група за Градежно-оперативни работи и управување со Градски православни гробишта;

-Група за Одржување и уредување на јавни и зелени површини и речни корита;

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:

-Управен одбор;

-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;

-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2012 година изнесува 75 вработени во редовен работен однос и 16 работници ангажирани преку Агенција за привремени вработувања а просечниот број на вработени во извештајниот период изнесува 76 лица во редовен работен однос и 18 лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2012 гогина**

## ВОДОВОД, КАНАЛИЗАЦИЈА, ДИСТРИБУЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА И КАНАЛИЗАЦИОНАТА МРЕЖА

Во 2012 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 603.267 м3 вода, Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 534.862 м3 или 87% а до правни лица дистрибуирани се 68.405 м3 или 13%.

Работната единица Водовод и канализација ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонети се вкупно 36 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф 300=1бр ф200=2, ф150=2, ф110=10, ф90=11, ф63=10;
- Извршени се вкупно 70 интервенциии на поцинковани линии (мали дефекти на разводна мрежа)
- Одговорено е на повици од граѓани и отклонети се вкупно 150 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);
- Извршена е замена на неисправни водомери- 260 броја;

Покрај редовните и тековни активности во 2012 година се реализирани следниве позабележетилни активности:

Изградба на главна и разводна водоводна мрежа во населба Басарица во должина од 1650м1 (со изработка на приклучни водмерни шахти-бр. 26, и главни водоводни шахти - бр. 5 и приклучување на сите потрошувачи во водомерните шахти)

Извршено е монтажа на главна водоводна линија во населба Спортско Рекретаивен Центар во должина од 130м1 (со изработка на 1 водомерна шахта)

Извршена е изградба на систем од природна вода (зафат за езерца) од споменик Гоце Делчев до база Гранит населба Звегорска река во должина од 1300 м1.

Извршена е дислокавија на поцинковани главни линии на улица Солунска и на крак Ванчо Прке во должина од 140 м1 (со изработка на 3 водомерни шахти)

Извршено е приклучување на 3 фонтани (на градски пазар, пред Стопанска банка, на ул .Питу Гули)

Извршено е поврзување на хидрантска мрежа , систем капка по капка кај езерца.

Извршено е поврзување и поставување на хидрантска мрежа од градски јавен тоалет до Летна сцена во паркот.

Извршено е приклучување на Спортска сала во дворот на ООУ "Св.Климент Охридски"

Изработен е канал за парно за Спортска сала во дворот на ООУ "Св.Климент Охридски" и монтажа до Дневниот центар со изолирање на истиот.

Извршени се приклучоци на нови корисnци-бр. 30

Замена на приватни водоводни линии од приклучок до водомер-бр. 20

-Канализација:

Извршено е продолжување на колектор за отпадни води ф 400 од с.Габрово во должина од 738 м1 покрај улица Вера Јоциќ до мост на река Габровчица со изработка на придружни објекти.

Извршено е продолжување на десен колектор од Спортска сала до Градски базент во должина од 220м1 и изработка на придружни објекти.

Изградба на фекална каналаизациона линија ф 300 во населба Стрелиште во должина од 800м1 со сите придружни објекти.

Извршена е дислокација на фекална канализација во населба Стрелиште ф 400 во должина од 64 м1 со изградна на придружни објекти.

Извршена е санација на вкупно 15 разбиени и пропаднати капаци на ревизиони шахти;

Извршени се околу 30 интервенции за отпишување на главна канализација со електрична сајла и со цистерна.

## КОМУНАЛНА ХИГИЕНА,ОДРЖУВАЊЕ НА ГРАДСКА ДЕПОНИЈА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е Распоред за собирање и транспортирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Звегор и Трáботивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад и еден трактор за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

- Во извештајниот период (во 2012 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 8.880 тони или 140 тони месечно;
- Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 420 тони или по 35 тони индустриски отпад месечно;
- Покрај редовното собирање на отпад се врши и повремено-по повик собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма, на планината Голак кај бината и на спортските терени а оисобено за време на Фолклорните Голачки средби;
- Во есенските месеци Октомври и Ноември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од двортните места во градот Делчево и населба Звегорска река и Басарица со три камиони и еден трактор;
- Извршено е чистење на неколку мали диви депонии на разни локалитети во градот Делчево и приградските населби;
- На неколку наврати е извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер ТГ-75 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад и извршено е опесчување на истата со околу 150м3 песок и шљунак;
- Извршено е обновување на уништената ограда на депонијата и поставување на нова ограда од универзално плетиво во должина од 80м1.

**ГРАДЕЖНО ОПЕРАТИВНИ РАБОТИ**

Групата ангажирана за градежно оперативни работи во текот на 2012 година ги има извршено следните работи:

Реконструкција на покрив на пумпна станица во Ново Делчево и изработка на плафон и подна плоча во истата.

Изработка на стакленик за прозиведување и одгледување на расад за цвеќе кај пумпна станица во Ново Делчево.

Регулација на Звегорска река во истоимента населба со габиони во вкупна должина од 220 м1.

Изградба на мини парк со фонтана и тротоари со бехатон плочки пред Стопанска банка.

Изградба на тротоар со бехатон плочки и претходно вградување на тротоарски ивичњаци на улица "Вера Јоциќ" (над СОУ "М.М.Брицо) во површина од 156 м2.

Во населба Стар Расаданик изграден е мини парк со пешачка уливца, степеници и потпорен зид од камен на улица "В.С.Бато" и сливник-решетка на "В.С.Бато".

Изработка на метална ограда на времен градски пазар.

Изградба на потпорен зид на улица "Голачка"

Изградба на потпорен зид на улица "Ѓорче Петров"

Извршена е санација на преливен канал на брана "Лошана"и изградба на заштитен зид од камени јастуци на брана "Лошана".

Градежни работи за изградба на таложник и филтри на брана "Лошана".

Изградба на детско игралиште на улица "Велко Влаховиќ" во Милково Брдо и ограда на игралиштето.

Изградба на мини парко со фонтана и летниковец на спој на улица "Гоце Делчев" и улица "Питу Гули" во Милково Брдо.

Зидање на преградни зидови во подрумските простории на Полициската станица во Делчево и нивно малтерисување.

Регулација на пороен ендек "Јакимовец" во с.Разловци.

Изградба на потпорен зид на Булевар Македонија (спроти полициската станица).

Изградба на ограден бетонски зид на муслиманските гробишта во Делчево.

Изградба на потпорен зид на улица "Ванчо Прке" и санација на истата улица со вадење на оштетен асфалт и поставување на бехатон плочки.

Сечење и отстранување на оштетен асфалт и припрема на ударни дупки за нивно асфалтирање во градот како и крпење на ударни дупки на улица "Пере Тошев" и "Питу Гули" со бехатон плочки.

Изградба на тротоари од бехатон во Детска градинка "Весели Цветови"

Вградување на ивичњаци и припрема за асфалтирање на улица "Н.Ј.Вапцаров" и "Светозар Марковиќ".

Довршување на изградбата на парк со езерца кај споменикот на Гоце Делчев.

Изработна на фасада и внатрешно уредување на новата Црква во Делчево.

Довршување на изгрдаба на мини плоштад во с.Стамер.

Изградба на мини парк со фонтана и детско игралиште во с.Град.

Изградба на стопи и носечки столбови за мост во с.Разловци.

Изградба на пропусен канал во населба Басарица.

Поставување на два нови лежечки полицајци на улица Маршал Тито (кај Ветеринарна станица и во Таушанска маала)

## ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ, ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ И РЕЧНИ КОРИТА

- Групата за одржување на јавни зелени површини во извештајниот период покрај секојдневните и тековни работни активности кои спаѓаат во делокругот на оваа работна единица и тоа: секојдневно метење на улиците и тротоарите по изготвен распоред по денови и секојдневно собирање на отпадоци и празнење на корпите за отпадоци поставени на јавни површини и миење на улиците со цистерна два пати во неделата во летниот период како и одржување на јавните зелени површини (паркови, кејови, жардинери, скверови) ги има извршено следните позначајни активности:

- Уредување на просторот пред Стопанска банка со распоредување и планирање на 50м3 земја на вкупна површина од 400м2, поставување на систем за наводнување капка по капка (поставено е црево во должина од 150м), засејување на парковска трева, ѓубрење на истата со хумус од калифорниски црви, и засадување на вкупно 568 броја сезонско цвеќе во 96 павер елементи;

- Уредување на новиот парк со езерца кај споменикот на Гоце Делчев каде се извршени следните работи: машинско и рачно распоредување и планирање на 850 м3 земја на површина од 3200м2, поставено е 800 метри црево за систем за наводнување капка по капка, ѓубрење на површината со 120 вреќи хумус од калифорниски црви и засејување на површината од 3200м2 со 40 кг парковска трева;

- Пополнување и порамнување на коритото на жардинериите на ул. М.М.Брицо (од семафори до мост на река Брегалница) со 30 м3 земја;

- Косење и собирање на тревата по косините на двете страни на коритото на река Брегалница (од Грдаски стадион до сточно пазариште) и река Габровчица, косење и собирање на тревата во дворот на црквата во с.Тработивиште, с.Разловци, с.Звегор и с.Селник како и на планината Голак кај манастирот.

- Одстранување на изникната трева покрај ивичњаците и косење на тревата до тротоарот од вете страни на коловозот на Бул.Македонија (од раскрсницата кај монополот до Шумско стопанство "Голак"), на улица "Индустриска" (од АД Фротирка до мостот на река Брегалница) и на улица "Кеј на Ослободување";

- Засадени се нови 8 дрвца (јавори) на местото од исушените на кејот на река Брегалница од двете страни како и 6 броја украсни дрвца (туји) во кругот на фирмата.

Исчистени се мини диви депонии на следните локации:

- Кај косините спроти ресторан "Трла" и просторот пред Жито маркет, просторот кај новите детски игралишта во Милково Брдо на ул. "Вел;ко Влаховиќ" и на улица "Питу Гули" спој со "Гоце Делчев", просторот под полициската станица и пожарното помеѓу ООУ "Ванчо Прке" и "Аполон", просторот околу зградите на улица "Н.Ј.Вапцаров", просторот покрај оградата на Здравен Дом "Гоце Делчев" , кејот на река Габровчица од мостот кај зградта на Општината па се до мостот на река Брегалница, просторот од Завод за вработување до полициската станица и од двете страни на булеварот, просторот под касарната, косините кај градски гробишта, косини на ул. "Пере Тошев" кај "Филабок", косини и зеленило од долниот мост на река Брегалница до "Клоскачки ендек", како и просторот околу зграда "Брод".

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2012 ГОДИНА

Вршејќи ги своите основнио и споредни дејности искажани по Извештајот за работа по реаботни единици ЈПКД "Брегалница"-Делчево остварува определени приходи и расходи во работењето.

Резултатите од финансиското работење се гледаат од Годишната сметка на претпријатието за 2012 година.

Согласно Законот за трговските друштва и Меѓународните сметководствен стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РМ бр.159/09,64/10, и 107/11, Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар.

Поважни користени сметководствени политики при изготвување на финансиските известувања се следните :

1)Материјални средства(недвижности, постројки и опрема).
Ставките од овие категории се презентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација.Амортизацијата се пресметува со примена на пропорционалниот метод за периодите на користен век на средствата со примена на следните стапки:

а)Згради (високо ниска градба ) 2.5%
б)Моторни возила 25%
в)Компјутери 25%
г)Мебел и опрема 10-25%

2)Парични средства и парични еквиваленти.Паричните средства се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарска благајна.

3)Побарувања од купувачите и обврски кон добавувачите

Побарувањата од купувачите се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања.

Обврските спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност .

- ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Остварени се вкупно приходи од 45.361.577ден

| р.бр | Конто | Опис | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 740 | Приходи од основна дејност | 44.574.955ден |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали | 168.568ден |
| 3 | 747 | Приходи од закупнина | 98.100ден |
| 4 | 760 | Приходи од продажба на постројки и опрема | 45.000 ден |
| 5 | 765 | Приходи од отпис на обврски | 738ден |
| 6 | 769 | Останати приходи од работењето | 429.180ден |
| 7 | 774 | Приходи по основ на камати по видување | 45.035ден |
| | | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА 2012ГОД** | **45.361.577** |

-РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТ

Направени се расходи во вкупен износ од 45.329.714ден

| р.бр | конто | опис | износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 400 | Потрошени суровини и материјали | 6.646.902ден |
| 2 | 402 | Трошоци за енергија | 5.064.399ден |
| 3 | 404 | Трошоци за резервни делови | 132.644ден |
| 4 | 407 | Троошоци за ситен инвентор-отпис | 490.093ден |
| 5 | 410 | Транспортни услуги | 333.765ден |
| 6 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 1.571.674ден |
| 7 | 419 | Останати услуги | 3.623.770ден |
| 8 | 420 | Плати и надоместоци од плати | 20.583.747ден |
| 9 | 430 | Трошоци за амортизација | 2.589.504ден |
| 10 | 440 | Дневници за службени патувања | 36.891ден |
| 11 | 442 | Трошоци за управен/надзорен одбор | 33.332ден |
| 12 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 60.729ден |
| 13 | 444 | Трошоци за репрезентација | 520.187ден |
| 14 | 446 | Банкарски провизии | 135.908ден |
| 15 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот | 18.643ден |
| 16 | 449 | Останати трошоци од работењето | 1.545.163ден |
| 17 | 451 | Вредносно усогласување на материјални с-ва | 43.158ден |
| 18 | 460 | Загуби од расход на материјални с-ва | 122.613ден |
| 19 | 469 | Останати расходи од работење | 1.116.637ден |
| 20 | 470 | Камати од работење со поврзани субјекти | 115205ден |
| 21 | 474 | Камати од работење со неповрзани друШтва | 415.373 ден |
| 22 | 703 | Набавна вредност на продадените материјали | 129.372ден |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **45.329.714ден** |

**РЕКАПИТУЛАР**

| | |
|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **45.361.577** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **45.329.714** |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **31.863** |
| **ДАНОК НА ДОБИВКА ПО ДБ** | **67.533** |
| **ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **-35.670** |

Вкупните приходи ги надминуваат вкупните расходи за 31.863.00 денари колку што е добивката од редовното работење пред оданочување.По оданочувањето на добивката со 67.533,00 денари, нето загубата на претпријатието за деловната 2012 година изнесува **35.670.00 денари**.

Во овој финансиски извештај посебен осврт даваме на побарувањата кои во нашата книговодствена евиденција се книжени како редовни за наплата а впрочем се стари и спорни за наплата.

Со попис на инкасатори на 19.06.2009год консатирано е должничко салдо на купувачи физички лица заклучно со 31.12.2009 год 24.879.524 ден од кои заклучно со 31.12.2003 год изнесуваат 10.200.426.

Заклучено е дека и овие побарувања се спорни за наплата.

По извршениот попис на побарувањата констатирано е дека старите и ненаплатени с-ки за комунални услуги со пренос на салда од 2009 год во 2010 год заклучно со 01.01.2010год изнесуваат 14.687.633 ден од кои до датум 31.12.2012 год наплатени се 7.044.187 ден а остануваат за наплата уште 7.643.446 ден.

Заклучено е дека овие побарувања се спорни за наплата.

СПОРНИ ПОБАРУВАЊА

| | |
|---|---|
| Спорни побарувања до 2003 | 10.200.426 |
| Спорни побарувања 2004-2009 | 7.643.446 |
| ВКУПНО | 18.238.786 |

Обврските спрема добавувачите се искажани според нивната номинална вредност .Заклучно со 31.12.2012 год вкупните обврски на ЈПКД Брегалница на класа 2 изнесуваат 34.944.980 ден

Побарувањата од купувачите на синтетика 120 изнесуваат 38.040.474 ден.Доколку од овие побарувања ги преевидентираме спорните во износ од 18.238.786 ден вкупните побарувања што можат да се наплатат се во износ од 19.801.688 ден

*РЕЗИМЕ:*
*РИЗИК НА ЛИКВИДНОСТ.*
*ВО ПЕРИОДОТ ОПФАТЕН СО ГОДИШНАТА СМЕТКА ОВОЈ РИЗИК Е ПРИСУТЕН.ИСТИОТ Е РЕЗУЛТАТ НА ВЛОШЕНАТА ЛИКВИДНОСТ НА ГЕНЕРАЛНО НИВО ШТО РЕЗУЛТИРА СО НЕНАПЛАТЛИВОСТА НА СТАРИ С-КИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ И ОТЕЖНАТОТО ПЛАЌАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ .*
*ЗА ДА СЕ НАМАЛИ ОВОЈ РИЗИК ПРЕТПРИЈАТИЕТО БИ ТРЕБАЛО ДА ПРЕЗЕМЕ АКТИВНОСТИ ВО ИДНИНА ДА ГИ НАПЛАЌА СВОИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ РОКОВИ ПРЕД ЗАСТАРЕНОСТ ЗА ДА МОЖАТ ДА СЕ ПЛАЌААТ ОБВРСКИТЕ БЕЗ ОТЕЖНАТОСТ И СО РОК НА ВАЛУТА .*

Изработил:
Марија Сумрачка
Одобрил:
Георги Георгиевски

20.02.2013 год.
Делчево

ЈПКД"Брегалница´-Делчево
ВД Директор
Ванчо Цветковски

Јавно претпријатие за комунални дејности Брегалница со ц.о. Делчево